РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

Примено: Pranuar:	02. 11. 2026		
Единица Org.	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlerë
08	6518	1/2	

ДО
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
г. Африм Гаши, претседател

Почитувани,

При стапувањето на должноста Претседателка, јавно се обврзав на почитување на Уставот и законите на државата, во духот на владеењето на правото и демократскиот политички систем.

Водена од оваа обврска, по внимателна анализа и консултации со експерти, решив, согласно член 75 став (3) од Уставот, да не го потпишам Указот за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, којшто Собранието го донесе на седницата одржана на 26 октомври 2026 година.

Сметам дека новото законско решение, во, за мене, спорната одредба од членот 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, отвора сериозни дилеми за владеење на правото.

Имено, ставот 4 на членот 132 од Законот за јавни набавки, којшто гласеше: „Претседателот и членовите на Државната комисија се именуваат за период од 5 години, со право на уште еден избор“, со членот 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки, се смени и гласи: „Претседателот и членовите на Државната комисија се именуваат за период од 5 години, со право на повторно именување“.

Формулацијата „со право на повторно именување“, за разлика од формулацијата „со право на уште еден избор“, којашто јасно воспоставува лимит од 10 години, е случајно или намерно правно непрецизна и нејасна и остава простор за арбитрерна интерпретација, во смисла на неограничен реизбор.

Во духот на мислењата и препораките на Венецијанската комисија, укажувам дека ако можноста за еден резибор, во смисла на 5+ 5 години членство во Комисијата за набавки, овозможуваше голема моќ и влијание, тогаш легализацијата на неограниченият број мандати се заканува со

концентрација на апосолутна моќ во неколкумнина во одлучувањето за трошење на огромни износи државни пари.

Морам да потсетам дека работата на ова тело низ претходните децении беше обележана со низа проблеми, сомнежи, обвинувања и дилеми за (не)пристрасно, (не)одговорно и (не)законско работење.

Во оваа смисла, би разбрала решение за ограничување на членството во Комисијата за набавки на еден мандат, односно на пет години, но имам низа дилеми за оправданоста на законската можност за неограничен број мандати.

Молам, од демократски причини, Собранието, при повторното разгледување на членот 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки да се обиде да ги разбере причините за моето вето, водејќи се од начелото на владеење на правото.

Бр. 08-1121/3
02.11.2026

Проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова